# РЕСУРСЕН ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ОПШТИНИТЕ

# КАТАЛОГ НА УСЛУГИ

**Преглед на услуги по тематски области**

15 области · март 2026

| 1 | ЈАВНИ ФИНАНСИИ И БУЏЕТИРАЊЕ |
|---|---|
| **Услуга** | **Опис на услугата** |
| 1 | Обука, практична поддршка, менторство и развој на алатки за анализа и унапредување на наплатата на локалните приходи, вклучувајќи данок на имот, комунални такси и други надоместоци, преку анализа на приходната структура, подобрување на базите на податоци и подготовка на мерки за поефикасна наплата. |
| 2 | Обука, развој или адаптација на стандардизирани шаблони и менторска поддршка при подготовка на среднорочна фискална/буџетска рамка и подготовка на план за капитални инвестиции. |
| 3* | Финансиска дијагностика, изработка на план за мерки и алатка за следење, со менторска поддршка за примена и мониторинг (по потреба) за јакнење на финансиската дисциплина и управување со обврски и долг. |
| 4 | Изработка на комуникациски и визуелни материјали, обука за транспарентно презентирање на буџетските информации и воспоставување модел за јавни консултации и партиципација за подобрување на буџетска транспарентност и граѓанско учество. |
| 5 | Менторска поддршка за мониторинг и извршување на годишниот буџет како и подготовка на препораки за корективни мерки и за примена, заедно со практична алатка за редовно следење на буџетската реализација и ефикасност. |
| 6 | Поддршка за јакнење на системите за внатрешна контрола и ревизија во општините, со цел намалување на финансиски ризици, зголемување на отчетноста и подобрување на фискалниот интегритет. |
| 7 | *Друго (Изработка на граѓански буџет, поддршка за соработка и транспарентно финансирање на граѓанскиот сектор итн.)* |

| 2 | ЈАВНИ НАБАВКИ |
|---|---|
| **Услуга** | **Опис на услугата** |
| 1 | Анализа и унапредување на планирањето и спроведувањето на јавните набавки преку поддршка при подготовка на годишни планови, изработка и подобрување на тендерска документација, подготовка на спецификации и критериуми, како и менторска и консултативна поддршка во текот на постапките и при управување со жалбени постапки. |

| | |
|---|---|
| 2 | Поддршка за воспоставување систематски пристап за следење на реализацијата на договорите за јавни набавки и унапредување на внатрешни процедури и контролни механизми во јавните набавки преку анализа на постојните процедури, идентификација на ризици, подготовка на стандардни оперативни процедури, чек-листи и обука за нивна примена и други активности. |
| 3 | *Друго* |

| 3 | УРБАНИЗАМ И ИНФРАСТРУКТУРА |
|---|---|
| **Услуга** | **Опис на услугата** |
| 1 | Поддршка во процесот при изработка, измена и ревизија на урбанистички планови. |
| 2 | Проектна анализа, советодавна поддршка и менторство за управување со инфраструктурни проекти како и насоки/поддршка на општините во процесите на координација со надлежни институции за обезбедување согласности, дозволи и мислења итн. |
| 3 | Поддршка во подготовка на техничка документација, идентификација на недоследности или ризици и насоки за подобрување или доработка на проектната документација. |
| 4 | Насоки и советодавна поддршка за примена на релевантни стандарди, насоки за еколошка и енергетска одржливост и интеграција во проектната документација и други работи. |
| 5 | *Друго* |

| 4 | СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ, ЗАШТИТА НА ДЕЦА И ИНКЛУЗИЈА |
|---|---|
| **Услуга** | **Опис на услугата** |
| 1 | Анализа на состојбата, работилници со локалните актери или менторска поддршка при изработка на стратегиски и програмски документи за социјална заштита. |
| 2 | Развој и воспоставување на локални социјални услуги (Анализа на потреби или подготовка на модел за услуга или менторска поддршка при воспоставување и почетна имплементација). |
| 3 | Поддршка за подготовка на локални акциски планови за инклузија на ранливи групи, со дефинирани мерки, индикатори и механизми за следење. |
| 4 | Поддршка за воспоставување системи за следење и евалуација на локалните социјални програми и услуги. |
| 5 | *Друго* |

| 5 | ОБРАЗОВАНИЕ (предучилишно, основно и средно – локални аспекти) |
|---|---|
| **Услуга** | **Опис на услугата** |
| 1 | Поддршка за анализа и оптимизација на трошоците во образовните установи, со фокус на енергетска ефикасност, одржување и организација на превоз, со цел подобра финансиска одржливост. |

| | |
|---|---|
| 2 | Поддршка за подобрување на управувањето со училиштата и градинките преку јакнење на административните, организациските и управувачките капацитети на локално ниво (обуки, практични насоки или менторска поддршка). |
| 3 | Поддршка за развој и унапредување на локални мерки за инклузивно образование и еднаков пристап до образовни услуги за деца од ранливи групи. |
| 4 | Поддршка при подготовка на проектна документација и управување со образовни проекти финансирани од национални, ЕУ и други меѓународни фондови. |
| 5 | *Друго* |

## 6 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

| Услуга | Опис на услугата |
|---|---|
| 1 | Поддршка за изработка/ажурирање на процена на ризици и планови за заштита и спасување и управување со кризи, со јасни сценарија, улоги, ресурси и оперативни чекори, применливи во реални услови. |
| 2 | Поддршка при воспоставување стандардни оперативни процедури, протоколи за комуникација и координација меѓу општината, јавните служби и клучните актери за брза и усогласена реакција. |
| 3 | Поддршка за подготовка и спроведување локални превентивни мерки и активности за јавна свест (кампањи, едукативни материјали, механизми за самозаштита), насочени кон најчестите локални ризици. |
| 4 | *Друго* |

## 7 ЗДРАВСТВО (локални аспекти – примарна здравствена заштита, јавно здравје и превенција)

| Услуга | Опис на услугата |
|---|---|
| 1 | Поддршка за подготовка на локална здравствена програма и акциски план со јасни приоритети, воспоставување основен систем за следење на локални здравствени индикатори и извештаи мерки, поддршка за воспоставување редовни координациски механизми, усогласени со локалните потреби и постојните стратешки документи. |
| 2 | Дизајн или спроведување локални превентивни и едукативни кампањи или подготовка на материјали и насоки, обука за локални тимови и советодавна поддршка при имплементација со цел зголемена информираност. |
| 3 | *Друго* |

## 8 ПРАВНО-АДМИНИСТРАТИВНИ УСЛУГИ

| Услуга | Опис на услугата |
|---|---|
| 1 | Специјализирана правна анализа за подобрување на квалитетот на управните постапки и стандардизација на акти, сет шаблони и чек-листи во врска со изработка на решенија, заклучоци и известувања преку практични сесии и менторство на работно место (по потреба). |
| 2 | Поддршка за ревизија и усогласување на интерни општински акти (деловници, |

| | |
|---|---|
| | правилници, одлуки, процедури) со важечката законска рамка, со јасно дефинирани улоги, одговорности и процесни чекори. Поддршка за воспоставување поефикасен систем за управување со предмети, рокови и документација. |
| **3** | Правна анализа, изработка на процедури за постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер, проактивна транспарентност и усогласеност со обврските за заштита на лични податоци при објавување и обработка. |
| 4 | *Друго* |

| **9** | **ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И Е-УСЛУГИ** |
|---|---|
| **Услуга** | **Опис на услугата** |
| **1** | Поддршка за унапредување и јакнење на дигитални капацитети и вештини на општинскиот кадар. |
| **2** | Дигитализација на административни процеси – поддршка за анализа, мапирање и дигитализација на клучните административни процеси во општината, со цел намалување на бирократијата, скратување на роковите за постапување и зголемување на ефикасноста на општинската администрација. |
| **3** | Поддршка за дизајн, развој и унапредување на е-услуги за граѓаните и деловните субјекти, со цел подобрување на пристапноста, намалување на физичките посети во општината и зголемување на задоволството на корисниците. |
| **4** | Поддршка за унапредување на нивото на сајбер безбедност и заштита на личните податоци во општините, со цел намалување на ризиците од инциденти, усогласување со регулаторните барања и зголемување на довербата на граѓаните. |
| 5 | *Друго* |

| **10** | **ДОБРО УПРАВУВАЊЕ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ** |
|---|---|
| **Услуга** | **Опис на услугата** |
| **1** | Поддршка за воспоставување и унапредување на систематски пристап кон активната транспарентност и пристапност на информации од јавен интерес. Поддршка за воспоставување механизми за систематско следење на отчетноста/транспарентноста во работењето и јакнење на јавна отчетност во општината. |
| **2** | Поддршка за развој и примена на модели за активно учество на граѓаните и граѓанските организации во локалното одлучување. |
| **4** | Поддршка за унапредување и јакнење на внатрешните процедури со цел подобрување на јасноста на надлежностите, ефикасноста на институционалното управување и доследна примена на принципите на добро управување со општината. |
| **5** | Поддршка за развој и примена на локални мерки за интегритет и антикорупциски механизми, превенција од корупција во општините. |
| 6 | *Друго* |

| 11 | МЕЃУОПШТИНСКА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА |
|---|---|
| **Услуга** | **Опис на услугата** |
| **1** | Аналитичка и правно-организациска поддршка за општините во иницирање, дизајнирање и формализирање на меѓуопштинска соработка преку јасно дефинирани договори, модели и организациски решенија. |
| **2** | Поддршка за дизајн и развој на функционална анализа за заеднички услуги или заеднички функционални единици меѓу две или повеќе општини за подобрени функционални решенија. |
| 3 | *Друго* |

| 12 | ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ |
|---|---|
| **Услуга** | **Опис на услугата** |
| **1** | Поддршка за подготовка, ревизија или ажурирање на локални стратегии и акциски планови за заштита на животната средина, усогласени со националната регулатива и европските политики, со јасни приоритети, мерки и индикатори за следење. |
| **2** | Поддршка во унапредување на локалните системи за управување со отпад, со фокус на селекција, рециклажа и развој на одржливи и регионални решенија со примена на принципи на циркуларна економија. |
| **3** | Поддршка за развој на локални акциски планови и мерки за климатска адаптација и енергетска ефикасност, како и интеграција на климатските аспекти во локалното планирање. |
| **4** | Поддршка за идентификација и пристапност до соодветни фондови и помош при подготовка на еколошки проектни апликации од областа на животна средина и климатски промени. |
| 5 | *Друго* |

| 13 | ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ |
|---|---|
| **Услуга** | **Опис на услугата** |
| **1** | Поддршка при подготовка, ревизија или унапредување на стратегии и акциски планови за локален економски развој, со јасна поврзаност со буџетот, локалните приоритети и реалните економски потенцијали. |
| **2** | Поддршка за идентификација, анализа и структурирана промоција на локалните економски и инвестициски потенцијали (подготовка на инвестициони профили), со цел поактивен пристап кон привлекување инвестиции и соработка со бизнис-секторот. |
| **3** | Поддршка за зајакнување на капацитетите на општините за подготовка, спроведување и мониторинг на проекти финансирани од ЕУ и други донатори, поврзани со локалниот економски развој. |
| **4** | Поддршка при воспоставување и унапредување на структурирана соработка со локалниот бизнис-сектор, стопанските комори и други релевантни чинители, со цел поддршка на локалната економија и вработувањето. |
| **5** | Поддршка во подготовка на првични анализи/студии за јавно-приватни партнерства на локално ниво и обезбедување на поддршка на општината во |

| | |
|---|---|
| | процесот на воспоставување на јавно-приватно партнерство. |
| 6 | *Друго* |

## 14 КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

| Услуга | Опис на услугата |
|---|---|
| 1 | Поддршка при унапредување на управувачките и организациските капацитети на јавните комунални претпријатија, со цел подобрување на оперативната ефикасност, отчетноста и квалитетот на услугите. |
| 2 | Поддршка за финансиска/трошочна анализа и подобрување на финансиската одржливост на комуналните услуги преку развој и/или ревизија на финансиска рамка, управување со обврските и финансиите, тарифни модели и финансиски планови. |
| 3 | Поддршка за анализа, развој и унапредување на стандардизирани процедури и оперативни упатства (систем) за обезбедување квалитетни и транспарентни комунални услуги. |
| 4 | *Друго* |

## 15 КУЛТУРА, СПОРТ И МЛАДИ

| Услуга | Опис на услугата |
|---|---|
| 1 | Поддршка при подготовка, ажурирање или унапредување на локални стратегии и акциски планови за култура, спорт и млади, со цел воспоставување јасни приоритети, мерки и индикатори за развој на овие области. |
| 2 | Поддршка за развој и унапредување и јакнење на младинските политики и механизми за активно учество на младите во локалните процеси на донесување одлуки. |
| 3 | Поддршка при подготовка, аплицирање и имплементација на проекти од областа на културата, спортот и младите, финансирани од ЕУ и други донаторски програми. |
| 4 | *Друго* |